Врз основа на член 24, став (1) точка 1) алинеја 16, член 236 став (11) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 96/18), член 23 став (1) и (2) од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 201/16, 87/17 и 142/18), Тарифниот систем за дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 244/18), а во врска со Одлуката за одобрување на регулиран приход и тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, за регулираниот период 2017-2021 година, УП1 бр. 08-81/16 од 28 декември 2016 година и постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран приход и тарифи за 2019 година, бр.03-1535/1 од 26.11.2018 година, доставено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, на седницата одржана на 28.12.2018 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одобрување на регулиран приход и тарифа за вршење на дејноста дистрибуција на природен гас за 2019 година од регулираниот период 2017-2021 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје

1. На Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, се одобрува регулиран приход од 11.664.628 денари и тарифа од 2,7127 ден/$nm^3$ за услугата дистрибуција на природен гас за 2019 година, за пренесени 4.300.000 $nm^3$ природен гас.

2. Оваа одлука е конечна во управна постапка.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2019 година.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, (во понатамошниот текст: ДТИРЗ Скопје) согласно член 17 од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 201/16, 87/17 и 142/18), (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), достави Барање за одобрување на регулиран приход и тарифи за 2019 година, бр.03-1535/1 од 26.11.2018 година, (во понатамошниот текст: Барање). Барањето е заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика со УП1 бр. 08-154/18 од 27.11.2018 година.

ДТИРЗ Скопје кон Барањето ја достави следната документација:

1. Бруто биланс за 2018 година за с-ка „603“- буџетска и с-ка „787“- самофинансирачки, заклучно со 21.11.2018 година;
2. Бруто биланс за 2017 година за с-ка „603“- буџетска и с-ка „787“- самофинансирачки.
3. Податоци за пренесена, дистрибуирана и испорачана количина на природен гас презентирани во соодветни табели од Прилог 4;

4. Годишен Извештај за 2017 година за финансиското и деловното работење, оперативна сигурност и план за развој на дистрибутивниот систем.
5. Договор за јавна набавка по Отворена постапка број 15/2017 за Набавка на мерна опрема за гасна инсталација за нови приклучоци, друга пропратна опрема и резервни делови.

Во Барањето Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, предлага регулираната тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за 2019 година, да изнесува 2,8771 ден/$nm^3$, односно да биде на исто ниво, како што било утврдено со Одлуката за одобрување на регулиран приход и тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, за регулираниот период 2017-2021 година, УП1 бр. 08-81/16 од 28 декември 2016 година.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 19 од Правилникот, на 04.12.2018 година го објави известувањето во врска со Барањето на ДТИРЗ Скопје на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“.

По објавеното известување, во рокот утврден во известувањето до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-2454/1 од 25.12.2018 година, свика подготвителна седница на 27.12.2018 година, на која предмет на разгледување беше „Предлог – Одлука за одобрување на регулиран приход и тарифа за вршење на дејноста дистрибуција на природен гас на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје за 2019 година“.

Подготвителната седница се одржа на 27.12.2018 година. На подготвителната седница беа поканети претставници од АД ГА-МА – Скопје, ДТИРЗ, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол - Скопје, ЈПЕД Струмица Гас – Струмица, ЈП Куманово Гас – Куманово, Министерството за економија, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Стопанската Комора на РМ, Сојузот на Стопански комори на Македонија, Советот за заштита на потрошувачите на РМ, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје, ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје, АД ЕЛЕМ – Енергетика – Скопје, Арцелормиттал Скопје АД, АД МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, ТЕ-ТО АД – Скопје, Скопје Север АД Скопје, Макстил АД Скопје, ФЗЦ 11 Октомври Куманово, АД Пивара Скопје, АД Алкалоид Скопје и Градски Енергетски Системи Скопје.

Од поканетите присуствуваа претставници на АД ГА-МА – Скопје, ДТИРЗ, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол - Скопје, ЈПЕД Струмица Гас – Струмица, Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје, АД МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, ТЕ-ТО АД – Скопје и Макстил АД Скопје.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

Имајќи ја во предвид Одлуката за одобрување на регулиран приход и тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, за регулираниот период 2017-2021 година, УП1 бр. 08-81/16 од 28 декември 2016 година и документацијата и податоците од доставеното Барање за одобрување на регулиран приход и тарифа за 2019 година, Регулаторната комисија за

енергетика, направи анализа на податоците и утврди дека трошоците се во рамките на веќе одобрените со наведената одлука, за регулираниот период 2017-2021 година, а која се однесува за 2019 година.

Од анализата на дистрибуираните количини на природен гас се утврдува дека во 2017 година се дистрибуирани 4.206.623 $nm^3$, а во 2018 година заклучно со ноември се дистрибуирани 4.089.365 $nm^3$, додека до крајот на 2018 година се очекува да изнесува 4.400.000 $nm^3$.

Според тоа се одобрува регулираната тарифа за услугата дистрибуција на природен гас за 2019 година за Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, да изнесува 2,7127 ден/$nm^3$, за испорака на планирани годишни количини на природен гас од 4.300.000 $nm^3$.

Согласно член 6 став (6) од Тарифниот систем за дистрибуција на природен гас Регулаторната комисија за енергетика утврди релативните коефициенти со кои се пресметуваат тарифите на одделните категории на потрошувачи да изнесуваат 1.

Имајќи го предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Македонија.

**УП1 бр. 08-154/18**
**28 декември 2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**